Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/2018, и “Службен весник на РСМ број 244/2019,53/21,77/2021,150/21 и 173/22) и член 37 од Статутот на Општина Лозово (Службен гласник бр.02/05, 29/14 и 73/14), Советот на Општина Лозово на 15-та седница одржана на 25.12.2023 година, донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР – за 2024 година**

**на ОПШТИНА ЛОЗОВО**

**Член 1**

Буџетски календар за 2024 година на Општина Лозово

| Период | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ | ОДГОВОРНСТ |
|---|---|---|
| 1-30 Септември | Министерот за финансии подготвува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-буџетите за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ, кој им го доставува на општините. | Закон за буџетите (Сл.весник бр. 64/2004) чл. 21 Закон за финансирање на ЕЛС (“Сл.весник на Р.Македонија” 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и (“Сл.весник на Р.Северна Македонија бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), согласно чл. 27 став 1 и 2. |
| 1-5 октомври | Градоначалникот и одделение за финансиски прашања се состануваат, за да ги одредат приоритетите и одредбите на буџетот за наредната година. Се прави анализа на финасискиот капацитет на општината –проценка на сопствените приходи и капацитети. Се прави комуникација со клучните сектори во општината ( даноци, урбанизам, ЛЕР, финансии, комунални работи се со цел да се утврдат нивните фискални потреби (буџетски трошења) и со тоа да се определат целите /приоритетите /активностите на секој од општинските сектори. | Градоначалник<br>Одделение за финансиски прашања<br>Сектор за урбанизам<br>Сектор за општи и правни работи |
| 10 октомври | Буџетските информации со формуларите за буџетските побарувања со упатствата се доставуваат до секторите и буџетските корисници заедно со писмото на Градоначалникот за зацртаните одредби. | Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| 10-25 октомври | Се организираат буџетски форуми со граѓаните и со засегнати страни.Бројот на форумските сесии обично ќе биде (2-3) во согласност со специфичноста и приоритетите на општината . | Градоначалник<br>Раководители на сектори |
| 25 октомври | Проценката на трошоците за наредната буџетска година се враќаат на Одделение за финансиски прашања од останатите Сектори и буџетски корисници. | Раководители на сектори<br><br>Буџетски корисници |
| 30 октомври | а. Се собираат буџетските барања<br>б. Барањата се анализираат и усогласуваат<br>в. Се изготвува билансот на приходи<br>г. Се изготвува билансот на расходи<br>д.Се изготвуваат развојните програми на Буџетот на општината | Одделение за финансиски прашања |
| 10 ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Нацрт-буџетот подготвен од Одделение за финансиски прашања | Градоначалник |
| 25-30 ноември | Нацрт-буџетот (работен материјал) се разгледува првпат од Советот на Општината и се расправа за евентуални дополнувања. | Совет на Општината |
| до 5 декември | Се доставува конечен предлог-буџет од страна на Градоначалникот | Градоначалник |
| 20-25 декември | 1.Се води јавна расправа со НВО секторот , граѓаните и сите заинтересирани странки со сугестии, предлози кои ги доставуваат по електронски или по пат на амадмани<br>2. Се води расправа во телата на Советот на Општината | Комисија за финансирање и буџет и градоначалник |
| 25-31 декември | 1. Седница на Советот на Општината за донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>2. Доколку Советот не го усвои Предлог-буџетот донесува одлука за времено финансирање согласно Законот за финансирање на ЕЛС Член 28 став 2. | Совет на Општината |

| | | |
|---|---|---|
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година | |

**Член 2**

Буџетскиот календар на Општина Лозово за 2024 година влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Лозово а ќе се применува од 01.01.2024 година.

**Бр.__________**

**25.12.2023**

**Лозово**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЛОЗОВО**

**Претседател,**

_________________________

**Владе Миланов**

*Изготвил:*
*Дипл.Економист Виолета Спасова Колева*